# ЈОЖЕ ЈОВАНОВ - НАЈУСПЕШЕН СПОРТИСТ НА 2007

Велосипедистот на ВК "Електрика", Јоже Јованов, е прогласен за спортист на 2007, втор е Александар Павлев од БК "Спартак", а трет Дејан Павлов од КК "Партизан". Најуспешен тренер е Дарко Јованов од ВК "Електрика", а за најуспешен клуб е избран Боречкиот клуб "Спартак". Признание за одличните спортски резултати доби Лилјана Мицовска, член на Друштвото за телесно инвалидизирани лица. Вака гласаа спортистите и регистрираните спортски здруженија на Изборот на спортист на годината, што на почетокот на овој месец се одржа во организација на Сојузот на спортови Кочани.



- Пресреќен сум, бидејќи по вторпат сум прогласен за спортист на Кочани. Во исчекување сум на вајлд-картата за спортисти што годинава би ме однела на Олимпијадата во Пекинг. Подготвен сум да прифатам и негативен одговор. Кога би учествувал на Олимпијадата, ќе настојувам да ги претставам Кочани и Македонија на најдобар начин. Многу ќе тренирам за да го претставам македонскиот велосипедизам и македонскиот спорт пред светот и секако да остварам што повисоко место. Пораката што им ја упатувам и на постарите и на помладите е секој слободен миг да го користат за спорт, изјави Јованов.

- Јоже не само што е врвен спортист, тој е човек кој служи за пример за тоа како со континуирана работа и со желба за постојан напредок се постигнуваат резултати. Најмладите генерации можат да учат од него. На Јоже му посакуваме да ја постигне неговата, но и нашата цел, како општина, и како држава, да се најде меѓу најдобрите велосипедисти во Пекинг и за првпат во овој спорт да имаме свој претставник, што ќе биде посебна чест и гордост за Кочани, рече градоначалникот на Кочани Љубомир Јанев, на прогласувањето на најдобрите.

## УЧИЛИШНА АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ ПЛАСТИКА

Минатата сабота во ОУ "Никола Карев" во Кочани се одржа акција за собирање пластични шишиња, со која беше промовиран Клуб за рециклажа. Клубот доби свое катче во училиштето, одговорен наставник, членови од учениците и техничка опрема од USAID. Тој ќе има за цел пошироко да го промовира проектот *Рециклажа на ПЕТ-амбалажата во Кочани*, ќе организира и спроведува акции со анимирање на сите ученици. Учениците, со помош на родителите собраа поголемо количество пластика, а присутните Претставници од USAID акцијата ја оценија за успешна.




Настанот беше проследен со спортско-забавен дел и е дел од кампањата на ЗГ "Еднакви за сите" како имплементатор на проектот за рециклирање на ПЕТ амбалажата.

## СРЕДНОШКОЛЦИТЕ НА ЧАС ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

На 26 февруари, додека Советот на општина Кочани заседаваше од едната страна од плоштадот, од другата страна, во просториите на малата сала за состаноци, триесетина ученици од трета година, кои следат настава по предметот Вовед во правото кај предметниот професор Игор Христов од СОУ "Љупчо Сантов", учеа за организацијата, функционирањето и надлежностите на Општина Кочани. Тие поминаа два школски часа запознавајќи се со практиките на Општината, процесот на децентрализација, процедурата за донесување на одлуки и решенија. Учениците оваа прилика ја искористија за да постават прашања и да дебатираат со Суад Мехмед од Одделението за правни дејности ,за определени постапки на Општината.

Ова е четврта година како учениците остваруваат соработка со Локалната самоуправа, директно запознавајќи се со институции на државата со што ја доближуваат теоријата со практичната примена на правото.

## НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ "ЕНЕРГЕТСКИ" ТВОРБИ

Комисија составена од професорите по Македонски јазик и Ликовна уметност од четирите основни и двете средни училишта од Кочани ги награди најуспешните на конкурсот на тема *Обновливи извори на енергија* во рамките на проектот "Енергетска ефикасност и еколошки бенефити со рационално искористување на геотермалните води".

Од поетските творби првата награда му припадна на Мартин Наунов од ОУ "Св. Кирил и Методиј", втората и третата ја добија Симона Георгиева и Дарко Стојчев од ОУ "Малина Попиванова", а четвртата Андреј Насев од "Св. Кирил и Методиј". Од прозните творци беа наградени двајца: Мартин Марковски од "Никола Карев" и Анета Арсова "Раде Кратовче". Комисијата додели една прва и по две втори и трети награди за најдобрите ликовни дела. Првата награда - за творбата со шифрирана со Биопетрол, вторите за потписите Клавир и 02101998, а третите за шифрите Пијано и Детски ватерполо клуб Кочани - Геотерма.

